


# Информатика во органите на државната управа

## Инфосамит '96 - Скопје, 11 декември, 1996

м-р Ратислав Кардалев,
Министерство за наука

Целта на свикувањето на Инфосамит'96 е да се согледаат состојбите со воведувањето на информатичката технологија во органите на државната управа. Воведувањето информатичка технологија во овој важен сегмент е особено сложено затоа што се:

- комплексни процесите кои сакаме да ги поддржиме;
- сложена е технологијата со која тоа сакаме да го сториме; и секако,
- деликатен е и моментот на интензивна преобразба на Државата воопшто и на нејзините институции.

Ефектите кои ги очекуваме од примената на современата информатичка технологија се многукратни, мерливи и немерливи, но во секој случај заедничко е очекувањето да се добие поефикасна и поефтина државна управа. Затоа е важно да се согледаат трендовите преку согледување на:

- потребите;
- достигнувањата;
- проблемите со кои притоа се соочуваме;
- непосредните планови;
- концепциите врз кои ќе се градат решенија;
- стратегиите на Државата пошироко;
- стратегиите на институциите-корисници;
- достигнувањата и стратегиите на понудувачите на технологија.

На Инфосамит'96 се поканети претставниците на институциите, значи сегашните и идните корисници на информатичка технологија, образовните и научни институции, фирмите кои развиваат проекти за управата и фирмите испорачатели на опрема. Секако добродојдени се и сите кои се подготвени да дадат придонес во развојот на управата.

Инфосамит'96 го свикуваме за првпат со надеж дека ќе ги исполни целите кои ги поставивме. Нашата ориентација е тој да прерасне во редовна, годишна, средба. Очекуваме во наредниве години тој да станува поквалитетен и со побогата содржина. Во тој смисол ќе се менуваат како неговата организација така и неговите временски рамки. Веруваме дека тој ќе прерасне во вистински саем и фестивал на нашите достигнувања и можности. Поаѓајќи од временските ограничувања, овој пат, предност е дадена на презентацијата на состојбите и плановите на управата. Наредната година ќе имаме многу поизразена презентација и на другиот сегмент, понудувачите на решенија.

Последниве години се релизираа повеќе проекти за развој на информациони системи во органите на државната управа. На Инфосамит'96 ќе ги презентираме резултатите од досегашниот развој на информационите системи на министерствата за здравство, стопанство, Архивот на Македонија и во правосудството. Ова се дел од проектите низ кои се оформуваа и проверуваа концепциите кои ќе ги презентираме на Инфосамит'96.

Проф. д-р Аксенти Грнаров, шеф на Институтот за компјутерско инженерство при Електотехничкиот факултет во Скопје, ќе ги изложи концепциите за Интернет како глобален феномен, се повеќе навлегува и во нашата Земја. Со тоа се отвараат посебно интересни можности за комуникација на јавноста со институциите на државната управа. Тоа е шанса и предизвик управата подобро да ја извршува својата улога на јавен сервис. Истовремено, со вовдувањето на оваа современа технологија ќе се создаде платформа и за поефикасна службена комуникација и меѓу самите институции. Создавањето на интерните складишта со информации на поодделни органи треба истовремено да биде основа за службена презентација како во рамките на управата така и пред јавноста и Светот пошироко.

На примената на оваа технологија ќе треба да се даде приоритет во сите наредни проекти во управата. За таа цел, понудувачите на информатичка технологија ќе треба да вложат интензивни напори, пред сѐ, самите да ја совладаат и применат во својата работа. Не смееме да дозволиме на нашите корисници да им зборуваме за предностите кои ќе ги добијат со користењето на Интернет, а самите ние минимално или воопшто да не го користиме. Со тоа ќе создадеме современ кибернетски простор на државната управа во кој јавните службеници ќе влегуваат со дефинирано прашање без да знаат како и каде да бараат одговор на него. Податоците и информациите, кои таму ќе се добијат, ќе можат да ги внесат во алатките за интерактивна анализа кои ќе им овозможат донесување брзи и квалитетни одлуки. Последново треба да се однесува посебно на високите државни функции.

М-р Вида Трајковски ќе ја презентира методологијата за развој на информационите системи во државната управа и системите за квалитет. Методологијата е предадена на Владата на Република Македонија. Секој министер ја има кај себе со укажувањето дека сега се дефинирани правилата кои ги обезбедуваат успехот и квалитетот при развојот на информационите системи. Акцент е даден на единствената улога на министерот при тоа. Улога која тој не може да ја пренесе на никого од министерството со кое раководи. Очекуваме Владата да ја разгледа подетално и да ја усвои како единствена методологија според која ќе се работи во иднина.

Сега работиме на воведувањето на методологијата во секојдневната работа, Оваа етапа ја сметаме за посложена од развојот и затоа ѝ посветуваме посебно внимание. Планираме активности поделени во три фази: постигнување на првите договори, реализација на пилот проекти и, конечно, стекнување детални знаења и вештини. Во сите овие фази, Министерството за наука финансиски ќе ги поддржи напорите на првите 10 проектантски фирми кои се најподготвени да тргнат по напорниот пат на примена на методологија во сопствената работа.

Во првата фаза, наредниве недели, ќе организираме четиридневен семинар низ кој идните проектни менаџери (одговорните за проектот од страна на изведувачот) ќе стекнат пошироки и подетални познавања за методологијата и ќе состават одговори на прашањето: како да дојдеме до наш пилот проект? Со тоа ќе се здобијат и со првите уверенија (сертификати) за квалитет.

Во втората фаза, низ пилот проектите кои заеднички ќе ги одредиме, проект менаџерите ќе се здобијат со најдетални знаења и практични искуства за животниот циклус, документацијата, водењето на проектите и т.н. При тоа, поддршка ќе им дава Министерството за наука со квалификуван консултант. За фирмите тоа ќе биде пример од кој во иднина ќе поаѓаат и кој ќе го надоградуваат. Преку пилот проектите, проект менаџерите ќе се здобијат со своите втори уверенија (сертификати) за водење на проекти.

Во третата фаза, која ќе трае наредните 2 години, Министерството за наука ќе спонзорира учество во 10 специјалистички семинари за останатите членови на проектните тимови, главно од страна на изведувачите. Низ нив, тие ќе се стекнат со најдетални знаења за примената

digital General Representative for Macedonia

# AlphaStation™ 600 family



ECS

EuroComputer Systems

12 Udarna brigada br.2, 91000 Skopje, MACEDONIA
Phone: (+389) 91 114 568; 115 011 l. 392, Telefax: (+389) 91 225 937

# HP ENTRIA X TERMINAL FAMILY




Продажба и сервис на комплетна HP програма:

- **Компјутерски системи**
  - деловни системи
  - графички работни станици
  - персонални компјутери (PC VECTRA)
  - принтери, плотери, скенери
- **Мерна опрема**
- **Медицинска опрема**
- **Аналитичка опрема**
- **Овластен сервис**
- **Гаранција**

**HERMES PLUS**

Овластен дистрибутер на Hewlett - Packard за Македонија

**ХЕРМЕС ПЛУС** д.о.о.
Компјутерски и мерни системи
„Осма ударна бригада“ 20а,
91000 Скопје, Македонија
тел. +389 91 11 75 77
факс +389 91 22 90 86

yes NetWare Tested and Approved

intel inside

HEWLETT PACKARD Authorized Distributor

на методологијата во секојдневната работа. Како потврда за усвоените знаења и ориентацијата кон квалитет, учесниците во семинарите ќе се здобијат со специјалистички уверенија (сертификати).

Како резултат од овие две или три годишни активности ќе се добијат десетина комплетни тимови од информатичари - професионалци, кои се определиле да вложуваат перманентни напори за зголемување на квалитетот на сопствената работа и да се приближуваат постепено кон стандардите на развиените земји. Со тоа ќе се поставаат основи на системот за образование и критична маса на извршители со уверенија и референци за грижата за обезбедување на квалитет. Овие основи поврзани со построгите барања од страна на управата, треба да бидат доволни движечки сили, системот на квалитет самостојно да живее и да се развива.

Поширокaта проблематика на стандардизацијата од областа на информатичката технологија од интерес за целата Држава последниве четири години ја покриваше работна група на Министерството за наука. Од април оваа година, Заводот за стандардизација и метрологија на Република Македонија ја формира Комисијата за изработка на стандарди за единици за внесување на податоци и множества на знаци, кодирање и системи за шифрирање. На своите последни седници, Комисијата ги приврши активностите на Работната група со донесување Нацрт македонски стандард за тастатура за македонското кирилично писмо. Нацрт стандардот е подготвен за јавна расправа која е во тек. Ја користиме оваа можност да ве повикаме активно да се вклучите во расправата и да придонесете кон подобар стандард. Покрај тастатурата, Комисијата ќе ги приврши и активностите за дефинирањето на македонските културни карактеристики кои се од значење за примена на информатичката технологија. Значајна соработка во оваа област се оствари со некои претставници во нашава Земја на реномирани светски производители на опрема како на пример: Логин Системи (Microsoft), МБС (IBM), Горд Системи (Novell) и др. Подетално на оваа област ќе се задржи м-р Ванчо Чабуковски.

Веќе првите резултати во реализацијата на современите информациони системи укажаа дека постојната компјутерско-комуникациона мрежа на органите на државната управа не е на потребното ниво и дека треба итно да се преземат чекори за нејзина надоградба. Миле Чорак, началник на Управата за телекомуникации при Министерството за внатрешни работи, ќе се задржи подетално на проектот на Министерството за наука со кој се дефинираа карактеристиките на една ваква државна мрежа.

Специфицирани се сегашните и услугите кои во догледна иднина ќе се побараат од мрежата. Поаѓајќи од тоа, определена е технолошката платформа која може да ги задоволи овие сервиси. Достојно внимание е посветено и на прашањата на заштитата на преносот.

Изградбата на државен информациски автопат заснован на овој концепт бара масовен ангажман на скапоцена телекомуникациона технологија и на ретки и со посебни напори создадени кадри. Затоа предлагаме интегрирање на кадровскиот потенцијал, преносот, опремата и заштитата за органите на државната управа. Овој пристап ќе ја олесни размената на податоци, информации и документи. Поволно влијание на интеграцијата има тоа што најчесто за органите на управа магистралните правци се заеднички, а често имаме и просторна концентрација на институциите.

Посебно внимание во телекомуникациите се посвети и на преносот на говор иако проблематиката нема директна врска со информационите системи. Но, кон интегрирањето на преносот на говорни и неговорни пораки наведуваат заштедите кои можат да се остварат со ваквиот пристап.

Ваквата концепција на изградба на државната мрежа овозможува и надминување на сегашната состојба во управата со изразен недостаток на орган со централна надлежност за одредување на заедничката телекомуникациона стратегија и водење грижа за нејзината имплементација. Со тоа ќе се надминат опасностите од прескапи инвестиции кои на крај ќе резултираат во потешкотии за реализација на ефикасни комуникации како меѓу поедини институции така и во рамките на една институција.

Поради интензивниот развој на информационите системи, во иднина можеме да очекуваме и зголемување на ризиците за нивната безбедна и надежна експлоатација. Можеме да очекуваме и паралелно зголемување на добивките од компромитирањето на нивната функција односно од зголемен интерес од страна на поединци, групи, па и земји за пробивање во системите. Од тие причини, заштитата на информационите системи е област на која во иднина ќе мораме да вложуваме повеќе и посистематизирани напори. Тоа ќе повлече и посериозни инвестирања во кадри и опрема специјализирани за оваа намена. За постигнување долгорочни ефекти ќе мораме основните мерки и постапки да ги пропишеме и во нашата општа методологија. Првите чекори во овој правец треба да се насочат кон подигањето на свеста за проблемот. Посебно треба да се вложат напори за придобивање на врвните раководства за организациски промени и инвестиции. Во овој смисол, Министерството за наука планира и делумно реализира низа семинари кои треба да ги подигнат општите познавања од областа, типичните ризици и основите за градење на стабилни и доверливи системи. На досегашните активности и резултати ќе се задржи колегата Томе Димитриевски.

Министерството за наука се грижи сите овие напори да се во согласност со пошироките ориентации на Европската Заедница. Во тој смисол е посебно важна концепцијата на Заедницата за нејзино преоѓање во Информациско општество. Од тие причини, м-р Љупчо Трајковски ќе се задржи на оваа концепција и на активностите кои ни претстојат за дефинирање на слична стратегија и за нашата Држава.

Поединечните напори на Министерството за наука резултираа во дефинирање на повеќе концепции. Некои од најбитните меѓу нив веќе беа спомнати и подетално ќе се презентираат на Инфосамит '96. Со тоа се поставени темелите врз кои може да се гради кибернетскиот простор, кој јавноста и државните службеници го имаат во предвид во секој момент кога ќе помислат на информатичка поддршка. Пропуштањето на некоја од овие темелни концепции може да доведе до импровизации и последици кои најмногу ќе се почувствуваат кога длабоко ќе се заплови во кибер-просторот и кога зависностите од неговото функционирање ќе бидат многу поизразени.

Колку и да беше тешко да се постават овие темели, сега, предстои уште потешка и посложена задача на нивна примена. Во примената мора да се обезбеди паралелно учество подеднакво како на корисниците - државни службеници, така и на понудувачите на технологија. При тоа, мораме да обезбедиме координирана имплементација на овие концепции почнувајќи од штотуку вработениот информатичар па до највисоките државни функции. Само на тој начин, со конзистентен систем може да се поддржи ефикасноста до највисоките нивоа на одлучување.

На сите ни е јасно дека овие концепции и современата информатичка технологија не можат да ги дадат очекуваните резултати ако паралелно не се создава и кадровскиот потенцијал во Земјава кој соответствува на овие потреби. Нашата груба проценка вели дека само за државната управа во наредниве неколку години ќе треба да се ангажираат, со полно работно време, неколку стотици нови информатички стручњаци. Тука секако се мисли, пред сѐ, на ангажман на кадровски потенцијал надвор од управата.

Трендовите во фомирањето на фирми кои нудат информатички услуги покажуваат дека главно се работи за релативно мали фирми со мал број вработени. Од друга страна, барањата кои управата ги поставува се далеку над нивниот сегашен кадровски потенцијал. Затоа ќе биде неопходно да се вложат посебни напори од управата, овие скромни ресурси да се издигнат на нивото на задачите кои им се поставуваат. Овие напори мораат да бидат усмерени во два правци. Прво теба да се дефинираат стандардите врз основа на кои тие ќе се развиваат и работат. Потоа ќе мораат да се направат и вонредни инвестициски напори за да можат овие фирми, и покрај своите скромни ресурси, да ја освојат технологијата која многу поразвиените ја усвојуваа постепено и подолго. Секако, овие интензивни инвестиции ќе мораат да бидат под строга контрола за да се применуваат во согласност со дефинираните стандарди.

Имплементацијата на овие концепции можат да ја спроведат понудувачите на технологија и современата администрација заедно. За жал, не се ретки претставите во државната управа дека воведувањето на информатичката технологија е само прашање на пари, кои ги вложува Министерството за наука, и напори кои понудувачите треба до ги вложат. Се запоставува единствената и непренослива улога на министерот, членовите на неговиот колегиум и поедините стручни лица. Сите тие имаат значајна улога во одредувањето на визиите, поставувањето на рамките, дефинирањето на барањата и воведувањето на решенијата. Управата мора да инсистира на извршувањето на својата улога во животниот циклус на развојните информатички проекти. Поинаку не може да се дојде до квалитетни решенија.

Основните стандарди и развојни концепции се веќе дефинирани. Финансиските средства се скромни но доволни за почетен развој и пилот инсталации. Овие средства комбинирани со странска извори, кои сѐ повеќе се отвараат, можат да дадат резултати какви ѝ се потребни на современата администрација. Сега останува реорганизацијата на администрацијата, кадрите, концепциите и технологијата да се интегрираат во единствена целина. Тоа е надлежноста и улогата која треба да ја изврши Секторот за информатика во Министерството за наука. Ваквата организациска поставеност на информатичката поддршка за органите на државната управа не соответствува на реализацијата на предложениве концепции. Што поскоро треба да се создаде посебен орган кој ќе ја има потребната поставеност и ќе ги поседува потребните надлежности за да може да ги создадава, интегрира и надгледува централните функции соответно на потребите.

**Ратислав Кардалев** е роден 1953 година во Скопје. Електротехнички факултет завршил во Скопје, а постдипломски судии во Загреб. Прво запослување: 15 години во Министерството за внатрешни работи од програмер и проектант на апликативни решенија, преку специјалист за системски програми, до началник на Управата за информатика. Од 1993 година до сега е помошник на министерот за наука, задолжен за информатичка поддршка на органите на државната управа.

*Адреса: Министерство за наука на Република Македонија*
*e-mail: kardalev@zic.gov.mk*

RSP
Association

SiG
Computer Systems

Silicon Graphics

MINUTEMAN
UNINTERRUPTIBLE POWER SUPPLIES

CIPRICO
The Disk Array Company

**SiG Computer Systems**

Sv. Kliment Ohridski 15
91000 Skopje, Macedonia

tel. +389 91 111 211
fax. +389 91 111 211